Ј.П. "ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ" ОХРИД

Јавно претпријатие за комунална дејност "ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ"
Бр. 03-215/1
05.02. 2019 год.
Охрид

Тел: 263-325 Факс: 261-416 E-mail: ohridkom@t.mk
Жиро сметка: 530-0001000731-36 Дан.бр.: МК 4020989101655
Депонент: "Охридска Банка"-Охрид

**Предмет: Објавување на јавен Оглас бр.2/2019 за пополнување на работни места на помошно-технички персонал по пат на вработување**

Врз основа на член 14 став 1, член 22 став 1 точка 1 и 2 и член 23 од Законот за работни односи ( Сл.весник на РМ бр.167/2015 и 27/2016 ) и член 3 став 4 од Законот за вработените во јавниот сектор ( Сл.весник на РМ бр.27/2014, 199/2014, 27/2016 и 35/2018), Директорот на ЈП "Охридски Комуналец" Охрид распишува:

**Јавен Оглас број 2/2019**

***За пополонување на работни места на Помошно-технички персонал***

ЈП "Охридски Комуналец" Охрид распишува оглас за пополнување на работни места на помошно-технички персонал по пат на вработување тоа:

1. **1 (еден) извршител за работно место Хидрауличар, шифра на работно место КДР 0401 А01 010** со најмалку ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четиригодишно средно образование

2. **1 (еден) извршител за работно место-Подмачкувач, шифра на работно место КДР 0401 А02 075** со најмалку ниво на квалификации III, 180 кредити според ЕЦВЕТ или тригодишно средно образование

3. **1 (еден) извршител за работно место-Автоелектричар, шифра на работно место КДР 0401 А02 034** со најмалку ниво на квалификации III, 180 кредити според ЕЦВЕТ или тригодишно средно образование

4. **2 (двајца) извршители за работно место Портир, шифра на работно место КДР 0402 А03 001** со најмалку ниво на квалификации I или основно образование

5. **1 (еден) извршител за работно место-Столар, шифра на работно место КДР 0305 Б02 014** со најмалку ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четиригодишно средно образование

Кандидатите треба да ги исполнуваат следните општи услови:
-да е државјанин на РМ
-активно да го користи македонскиот јазик
-да е полнолетен
-да има општа здравствена способност за работното место

Заинтересираните кандидати треба да ги достават следните документи за исполнување на потребните услови за работното место во оригинал или копија заверена на нотар:

- Уверение за државјанство
- Извод од матична книга на родени
- Доказ дека со правосилна пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција, забрана за вршење на професија, дејност или должност
- Диплома за завршено соодветно образование
- Потврда за работно искуство доколку се бара
- Пополнета пријава објавена на ВЕБ страната на ЈП "Охридски Комуналец"Охрид

Постапката за селекција за вработување на **помошно-техничкиот персонал** во јавното претпријатие, се состои од проверка на внесените податоци во пријавата за вработување со условите утврдени во јавниот оглас и проверка на приложените докази.

Огласот трае 5 (пет) работни дена сметано од денот на објавувањето на Огласот во дневниот печат и тоа во три дневни весници од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20 % од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот.

Изборот на кандидатите кои ќе засноваат работен однос ќе се изврши во рок од 8 дена по истекот на рокот за пријавување на огласот.

Кандидатите пријавите со сите потребни документи да ги достават на адреса:

ЈП "Охридски Комуналец" - Охрид, Нов Расадник б.б. Охрид, лично или преку пошта

Ненавремените и некомплетно пополнети пријави нема да се разгледуваат.

ЈП "Охридски Комуналец" - Охрид
Директор,
Лупчо Грданоски